# Резиме на следењето на работата на ДКСК во периодот од април до јуни 2017 г.

Согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е самостојна и независна антикорупциска институција. Граѓаните, како даночни обврзници, треба да бидат добро информирани дали и како ДКСК ги остварува своите законски обврски, бидејќи преку буџетот на Република Македонија ги обезбедуваат средствата за остварување надлежности на ДКСК за спречување корупција.

**Од вкупно 28 индикатори следени во периодот на известување, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 11 се остваруваат целосно во согласност со закон, 14 се остваруваат делумно, а три не се остваруваат.**

Во мај 2017 г. ДКСК го доставила **Годишниот извештај за својата работа во 2016 г.** до Собранието на Република Македонија, до Владата и до Претседателот, иако беше усвоен на седницата на ДКСК во март 2017 г. Извештајот беше разгледан на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија на 27 јуни 2017 г. Платформата на граѓанските организации за борба против корупцијата ја повика Комисијата да донесе заклучок и на Собранието да му предложат да не го усвои и да го врати на дополнување Годишниот извештај за работата на ДКСК во 2016 г.

ДКСК сè уште не подготвила **посебен извештај за можни злоупотреби на буџетските средства** за финансирање на изборната кампања или други политички активности за парламентарните избори одржани во декември 2016 година.

На барање на Владата на Република Македонија, ДКСК подгтовила мислење по предлог-акон за инспекција во животната средина со користење на **Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата**. Согласно планот и динамиката за антикорупциска проверка на легислативата на веќе донесени закони, ДКСК анализира два закони: Законот за академија за судии и јавни обвинители и Законот за државен пазарен инспекторат.1 Започната е анализа и на преостанати девет закони кои се планирани за подготовка во првиот и во вториот квартал од 2017 г.

ДКСК постапуваше по 1.226 нови **барања за мислење од страна на државни институции** дали може да преземат одредени активности поврзани **со користењето и располагањето со буџетските средства во изборниот период**. Согласно со известувањето на ДКСК до државните институции, од 15 јуни 2017 г. со изборот на нова влада престанува да важи и обврската за барање мислења за користење и располагање со буџетските средства.

Според одлуки објавени во Службен весник, 170 лица се избрани и именувани на функции, а 89 лица се разрешени од функции. Согласно Законот за спречување на корупцијата, сите овие лица имаат обврска да поднесат **анкетен лист**, со кој се утврдува состојбата на имотот при изборот, односно при престанување на функцијата. При проверка на базата на податоци со анкетните листови на ДКСК (www.dksk.org.mk/imoti_2), од 170 новоименувани и избрани лица, објавени се анкетните листови на 59 лица (34,7%). За 111 (65,3%) лица анкетните листови не се достапни на веб-страницата. При проверка на **Регистарот за избрани и именувани лица**[2] објавени се податоци за 65 лица (38,2%) избрани на нови функции. Обврската за доставување податоци до ДКСК за објавување во Регистарот ја имаат институциите коишто ги вршат именувањата. Доколку ДКСК постапила согласно член 63.б став 1 од Законот за спречување на корупцијата и повела иницијатива за прекршочни постапки за

1 Закон за академија за судии и јавни обвинители, Закон за здравствена заштита, Закон за заштита на правата на пациентите, Закон за биро за развој на образованието, Закон за државен пазарен инспекторат, Закон за градежните производи,

[2]заклучноso 30 јули 2017 г.

*Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, поддржан од Британска влада. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.*

неисполнување на обврските за неподнесување на податоците потребни за ажурирање на Регистарот, по основ глоба за соодветниот прекршок можело да се наплатат 231.000 евра. 3

Во извештајниот период ДКСК отворила 20 предмети за постоење елементи за корупција врз основа на **пријави добиени од граѓани и правни лица и по сопствено убедување**.

ДКСК ја ажурира **листата за информации од јавен карактер**. Вкупниот број на информации кои се дел од листата на информации од јавен карактер е зголемен од 29 на 38. Во однос на содржината на достапни податоци, 14 информации од листата се непроменети, 17 информации кои се дел од новата листа, односно се додадени, се однесуваат на надлежностите на ДКСК кои произлегуваат од Законот за лобирање и Законот за заштита на укажувачите. Осум информации кои беа третирани како информации од јавен карактер во листата од 2010 г. се избришани од новата листа, а кај седум информации има измени.

ДКСК го потпиша **Меморандумот за унапредување и проширување на соработката со Управата за извршување санкции**. Беа одржани и работни средби со **работната група за спроведување анализа на дискрециските овластувања**, како и работни состаноци со претставници од државните институции од Македонија и од странство.

ДКСК не соработува активно со **граѓанските организации и со организации од приватниот сектор,** потписници на **Меморандумот за соработка**. Иако се предвидени редовни квартални состаноци, тие не се одржуваат.

ДКСК нема пракса да објавува информации на својата веб-страница за учество на обуки, работилници, одржани средби и сл. за кои нема законска обврска да го направи тоа.

До извештајот може да пристапите преку:

[3] Претпоставка е дека согласно член 63-б став 1 глоба во износ од 200 евра му се изрекла за прекршок на раководното лице на институцијата која врши избори и именувања, односно на овластеното лице од него, ако во рок од 15 дена не поднело податоци до ДКСК; и став 2 дека глоба во износ од 2.000 евра му се изрекла за истиот прекршок и на институцијата или органот кој врши избори и именувања.

*Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, поддржан од Британска влада. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.*